


Утро, некаде околу 5 часот.
Магла надвор, магла внатре. Мир, некој мир ме окупирал. А сепак немирен. Јас, сам со себе. Мислев дека дождец почнал да паѓа, ама не, тоа било роса. Кучето лае, соседите спијат. Ги слушам нивните последни соништа, а првата лига веќе им е на перницата. Денот се раѓа, а со него настапува смртта на вчерашните настани и тоа е веќе недвосмислено сценарио. Што ли ќе смислиме денес или која е цената на овој ден - радост, тага, успех или фијаско, пијанство - трезвеност, смеа или намќорство?
А што сум јас во сите овие комбинации? Никој и ништо, или секој и сешто?
Е ајде, де, одговори која мирислива клетка е главна во зумбулот.
Росата паѓа, јаболкницата е целосно навлажнета. Тоа ли е јаболкото што го измами Адама, мојот прататко. Адаме, се грижиш ли за грижите на твојот син, или сѐ уште си во бесознание по гревот што го стори? Адам како по обичај молчи, ништо не говори.

Ми се јави Бог. Мобилниот телефон не заѕвони, ми се јави со глас. ‘Ти се спие чедо’, ми вели. ‘Не, Господи, преспав многу денови’, му одговарам. ‘Како си’, потпрашувам. Тој молчи и ме гали, тоа е онаа милувка што мајките им ја прават на своите деца кога имаат температура четириесетка добиена од некоја чудна ангина на грлото. Тој ме гали, а јас чувствувам топлина. Топлина во срцето, во некоја негова соба. Во таа соба срцева, на ѕидот, сликата на Исус. И Тој се смее, а на брадата роса, утринска, Пилатова роса. ‘Сакај го Пилат’, ми вели Исус, ‘оти тој ти е непријател, ама и пријател, тој беше главниот жирант во купувањето на сите твои гревови’.
‘Исусе, те боли ли?’
‘Не, тебе те боли, и затоа плачи.’
Во срцевината на срцето ми се стркала една солза. Тоа е моментот кога сфатив колку многу сум грешен, таговен, неправедлив. Очите никогаш не плачат, тоа е само утринска роса, срцето кога солзи тоа е мигот на вистината.
Боже, што е вистина? Го роди човекот, животните, растенијата, светот, планетите, вселената, сончевиот систем. Господи, го роди светот и отаде Сонцето, но јас за тоа немам никаква престава. Христе, го создаде пеколот и рајот, казната и наградата, животот и смртта, па вечниот живот. А кој Тебе Те содаде, о Боже? Кој беше твојот Творец? Кој почна во тој прапочеток, надвор од прапочетокот на она што луѓето го замислиле и го крстиле како такво?
Мозокот си го видов како две тупаници од орангутан. Толку мало и толку безначајно парче топка се шета низ бескрајните простори на времето и бескрајот. Нема глава, нема тело, нема инерција, ниту гравитација, само пловидба надолу во нешто црно, одлево и оддесно испреплетено со бели точки. Уште како дете го гледав тој простор, таа убавина. На патот само мозокот и ѕвездите, некој чуден звук на тишина, и ехо на смеа, на радост, на слобода.
Боже, таа радост, тоа ехо ли Те содаде Тебе? Кажи ми, да ја пренесувам Твојата вистина? Росата престана да паѓа. Утрото ја замени ноќта. Од трошната куќа на соседот Ѓоко слушнав лелек. Ѓоко, мирниот човек како бубалче, почина. Одамна не беше здрав, ама отсекогаш нудеше цреши. Лебот, црешите и кокошките му беа единственото богатство. И сребрениот заб на десната долна вилица. И молкот, се разира! Тој беше најмолчаливиот човек на овој свет, а можеби и не само овде. Тоа лично Бог ќе го провери. Тргна Ѓоко кон патот со само една патарина. Онаа во која нема протекции, буткање преку ред, мито. Молчам. Чекам да ми се јави Бог за да ми објасни кој го создаде Него. Бог не се јавува. Срцето се испразни, солзата секна. Престана галењето. Да не Ти згрешив Господи со поставеното прашање?
*Госӣоди ӣомилуј, Госӣоди ӣомилуј, Госӣоди ӣомилуј*, почнав да пелтечам. Страв, некој чуден страв и вина ме мачеа. ‘Земи ме, ако згрешив’, се понудив. ‘Синко’, почна да говори. ‘Живеј и откриј ја тајната кој беше Тој што го создаде твојот Бог. А кога ќе стигнеш до одговор, викни ме да те земам и да се увериш дали си бил во право или не’. Се штрекнав. Како од сон недосонуван. Луѓето тоа го викаат кошмар. Запреткав со нозете. Под прстите слама. На сламата јагне. До јагнето бебе. На Него насмевка и бакнеж. Во Витлеемската пештера само јас и Тој. Неговите отишле на воздух, по роса. Го гледам, ме гледа. Тој бебе, јас човек. Тој се смее и бакнува, јас во пелени врзан и гугуткам. Не разбирам ништо, толку сум возрасен, а се однесувам така детски. Да Го прашам, сакам да Го прашам, а не можам, во што е проблемот, а бебето Витлеемско, без да чуе ниту збор, ми вели - *сӣиј јаѓне човечко, сӣиј и расни ѓолемо*. Господи, колку е убав животот.